## ДНЕВНО ПЛАНИРАЊЕ

**Час:** 9
**Датум:**
**Наставен предмет:** Работа со компјутери и основи на програмирањето
**Програмско подрачје:** Тема 1 - основи на користење компјутер и друга ИТ
**Наставна содржина:** Различни ИКТ уреди
**Тип на час:** Обработка
**Цели:** Да ги објаснува разликите помеѓу различните уреди: компјутер, лаптоп, таблет, смартфон
**Очекувани резултати:** Ги објаснува карактеристиките на разни ИКТ уреди: класичен компјутер, лаптоп, таблет, смартфон и објаснува во што тие меѓусебно се разликуваат
**Место на реализација:** Училница
**Форми на работа:** Заедничка работа, индивидуална работа
**Наставни методи и техники:** Вербален – дијалошки метод, метод на усно излагање, Т - табела
**Наставни средства:** Компјутери
**Следење и вреднување (методи, инструменти и индикатори):** Набљудување, чек - листа, набројува и објаснува

## ТЕК НА АКТИВНОСТИТЕ

**Воведна активност:** Преку поттикнувачки прашања ги утврдуваме знаењата за компјутер стекнати до сега.
**Учечко - поучувачки активности:** Дискусијата од воведната активност ја продолжувам со прашањето „Што можеме да работиме со компјутерите?“ (можеме да внесуваме и да модифицираме форматиран текст, да цртаме, да изработуваме мултимедијални презентации, да програмираме, да следиме Интернет содржини со кои ги прошируваме знаењата, да слушаме музика, да гледаме филмови, да играме игри, да креираме програми – да програмираме и др.).
Какви компјутери постојат за домашна употреба? (класичен или десктоп компјутер, лаптоп, таблет и смартфон). Класичниот или десктоп компјутер е непреносен компјутер, додека лаптопот, таблетот и смартфонот се преносни компјутери.


Десктоп компјутер со хоризонтално куќиште


Десктоп компјутер со вертикално куќиште


Лаптоп


Таблет


Смартфон

**1. Десктоп компјутер** е класичен домашен компјутер кој обично го ставаме на биро или на маса. Се состои од куќиште кое може да биде хоризонтално или вертикално. На него се закачува монитор, тастатура и глушец, а некои десктоп компјутери на куќиштето имаат закачено печатач, скенер, звучници, веб – камера, микрофон и друго.
Позитивни страни: деловите во куќиштето се лесно достапни, има побрз процесор и нема толку проблеми со прегревањето.
Негативни страни: не е подвижен и е прилично бучен поради многуте вентилатори во него.
**2. Лаптоп** е преносен компјутер кој има тастатура, глушец, монитор, звучници, веб – камера, микрофон и CD или DVD меморија, а се наоѓаат во една целина која може да се склопи и да се земе на друго место. Лаптоп компјутерите имаат и батерија која им помага да работат кога нема штекер во близина. Друго име за лаптоп е **ноутбук** компјутер (notebook computer), а многу мал лаптоп се вика **нетбук** компјутер (netbook computer). Нетбук компјутерот нема CD или DVD меморија и се користи само за користење Интернет – пребарување, е – пошта и комуникација.
Позитивни страни: преносен е и може многу лесно да се приклучи на безжичен Интернет
Негативни страни: поскап е од обичниот компјутер, ако не внимаваме лесно може да го изгубиме или да ни го украдат, батеријата има ограничен капацитет.
**3. Таблет** е преносен компјутер кој нема посебна тастатура и глушец, туку до сè се доаѓа со движење на прстот по него и најмногу личи на голем смартфон, само што со него не може да се јавите некому.
Позитивни страни: лесен е, брзо се стартува и има илјадници бесплатни програми за таблети
Негативни страни: има мал екран и тешко се внесува текст.

obrazovanie.literatura.mk

**4. Смартфон** е мобилен телефон во кој има и компјутерски програми (игри, текст процесори, читач на PDF датотеки и др.). Вашите мобилни телефони – смартфони се всушност вистински преносни компјутери, кои се далеку поморќни од некогашните компјутери!
Позитивни страни: зафаќа малку место и лесно се носи со себе, можеш со него да правиш телефонски разговори,
Негативни страни: скап е (има иста цена како еден моќен десктоп компјутер), има мало екранче и тешко се внесува текст.
АКТИВНОСТИ НА УЧЕНИЦИТЕ
Се пополнува табела со карактеристиките на разни ИКТ уреди:

| | Изглед или карактеристики | Позитивни страни | Негативни страни |
|---|---|---|---|
| Десктоп компјутер | | | |
| Лаптоп | | | |
| Таблет | | | |
| Смартфон | | | |

**Активности за евалуација:** Дискусија со која се резимираат знаењата стекнати на овој час.

obrazovanie.literatura.mk